Australian Macedonian
# TODAY
34 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXIV No 1982 11 OCTOBER 2024 FREE

## ГОДИШНО ФРЛАМЕ ХРАНА ВРЕДНА $2.500



# БРИСЕЛ ГО ИГНОРИРА ПРЕДЛОГОТ УСТАВНИ ИЗМЕНИ СО ОДЛОЖЕНО ДЕЈСТВО

МИЦКОСКИ ПРЕДЛАГА ВНЕСУВАЊЕТО НА БУГАРИТЕ ВО УСТАВОТ ДА БИДЕ ПО УРНЕК НА ПРЕСПАНСКИОТ ДОГОВОР, ДА ВАЖИ КОГА БУГАРИЈА ЌЕ ГО РАТИФИКУВА НАШЕТО ЧЛЕНСТВО ВО ЕУ

## СВЕТСКА БАНКА:

# „ЗЕЛЕНАТА“ ТРАНЗИЦИЈА ЌЕ ЗГАСНЕ 66.000 РАБОТНИ МЕСТА ВО МАКЕДОНИЈА



FREE DIGITAL EDITION

SCAN the QR CODE

SIGN UP NOW!

РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

# Светска банка: „Зелената“ транзиција ќе згасне 66.000 работни места во МКД



Светска банка алармира дека Македонија е силно погодена од климатските промени кои ја намалуваат продуктивноста за 5.7%.

Загадувањето, пак, зема 3.800 животи годишно, а финансиската загуба е A$1.93 милијарди.

Најмалку 4% од бруто-домашниот производ (БДП) е економското влијание на климатските промени во Македонија, информираше Светска банка на презентацијата на „Прегледот за климатските јавни финансии на Северна Македонија“. Ако, на пример, ланскиот БДП на земјата бил A$22.33 милијарди, значи дека климатските промени „однеле“ околу A$900 милиони. Притоа, ова е најблага процена, како што истакнаа од Светска банка, затоа што не се замени предвид сите аспекти.

За зајакнување на отпорноста кон климатските промени, за ефикасна заштита на луѓето и на имотот, од Светска банка посочуваат дека на Република Македонија во следната деценија ќе и требаат A$9.5 милијарди. Оттаму предвидуваат дека со „зелената“ транзиција, околу 66.000 работници во земјата ќе бидат под голем ризик да ги загубат своите работни места. Државата треба да ги адаптира образовниот систем и механизмите за социјална заштита, да ги преквалификува луѓето и да изгради здравствен систем што ќе ја поддржи „зелената“ транзиција, ќе ја зголеми отпорноста на климатските шокови и ќе се приспособи на промените во обрасците на болести – беше истакнато на презентацијата на Светска банка.

Во последните 20 години од разорните поплави, екстремните поројни дождови и топлотни бранови со пожари Македонија има штета од A$991 милион, а предизвиците од климатските промени само растат. Затоа СБ препорачува дека Македонија би требало да инвестира дополнителни A$2.5 милијарди до 2030 година и A$8.3 милијарди до 2050 година (2.6% од БДП годишно) во енергетскиот систем за да постигне нето нула на ниво на целата економија.

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com

## Албанците од Албанија најбројни странци во британските затвори, втори се Албанците од Косово!

Од 53.000 Албанци колку што официјално се наоѓаат во Велика Британија, над 1.200 се во затвор. Анализа на „Телеграф“ на бројот на затвореници по националност обелоденува дека Албанците од Албанија се на врвот на листата која содржи луѓе од 130 држави. Втори се Албанците од Косово. Следуваат Виетнамците, Алжирците, Јамајканците, Еритрејците, Ирачаните и Сомалијците.

Ова е прва анализа од ваков тип која сепак не се влегува подлабоко околу тоа за какви типови на криминали се работи.

Во затвори во Англија и Велс има 10.435 странски државјани, во споредба со 76.866 британски државјани. Стапката на затворање Албанци била 232.33 на 10.000 луѓе - или еден од 50.






# Министерката за финансии го потпиша кредитот од 500 милиони евра во Будимпешта, додека да се врати во Скопје парите ќе бидат „легнати“ во НБМ



Министерката за финансии Гордана Димитриеска-Кочоска во Будимпешта го потпиша договорот за кредит од 500 милиони евра што унгарската Ексим банка и ги одобри на Македонија.

- Во текот на следната недела очекуваме да легнат парите на девизната сметка на Министерството за финасии. Станува збор за кредит од 500 милиони евра со каматна стапка од 3.25 отсто, со период на отплата од 15 години, односно вклучен грејс период од три години. 250 милиони евра ќе бидат насочени кон Развојната банка на Македонија, а таа преку комерцијалните банки ќе ги пласира на производни компании, додека останатите 250 милиони евра ќе останат во буџетот и ќе се наменат за инфраструктурни проекти, основно за финансирање на проектите на општините.

Условите под кои овие средства ќе бидат достапни за бизнисот ќе бидат исти како и за државата. Можат да конкурираат само производни компании зашто целта е или да го поттикнеме извозот или да го намалиме увозот, изјави министерката од Будимпешта.

Посочи дека во Будимпешта е разговарано и за втората транша за дополнителните 500 милиони евра под истите услови. Договорот за овој заем очекува да биде потпишан до средината не декември, а исплатата да се изврши во јануари следната година. Овој кредит исто така треба да биде одобрен од Собранието. Овие пари ќе се искористат за отплата на ратите за други кредити кои доспеваат во почетокот на следната година.

## МАКЕДОНЦИТЕ ЌЕ МОЖАТ ДА ЈА ТУЖАТ ДРЖАВАТА ПОРАДИ ЗАГАДЕН ВОЗДУХ

Државата е должна да обезбеди здрава животна средина, меѓу кои е и правото на чист воздух, како поединечно право на граѓаните. Ова е ставот на Врховниот суд на Македонија кој утврди начелен став со кој се отвораат вратите за граѓаните да можат да ја тужат државата поради загаден воздух. Тие во иднина ќе можат да покренат постапка пред Управен суд поради енормно загадениот воздух. Според податоците на Институтот за јавно здравје, во земјата секоја година умираат од 4.500 до 5.000 граѓани, а од 10 родени деца едно починува поради загаден воздух.

Одлуката е донесена по иницијативата на Адвокатското друштво „Гоџо, Кичеец и Новаковски“, за утврдување начелен став и правно мислење, за тоа колку државата обезбедува услови за остварување на правото на граѓаните на здрава животна средина. Ваквата иницијатива следи откако двајца македонски граѓани поднесоа тужби до Управниот суд за заштита на слободите и правата, каде наведуваат дека дишат енормно загаден воздух и бараат од државата да донесе стратешки акционен план за заштита. За разлика од досега, Управниот суд во иднина ќе треба да се произнесе за ваквите тужби.



# Кралот Чарлс го става лекувањето во мирување



За да може да лета до *Австралија* следниов петок, и да направи официјална посета континентов, кралот **Чарлс III** се консултирал со своите лекари. Дури откако му дале „зелено светло", **Чарлс** договорил патување во *Австралија* и поради сето тоа лекувањето за ракот ќе го стави на кратка пауза. 75-годишниот крал заминува на патување на 18 октомври, а за време на посетата на *Австралија* ќе ги посети *Сиднеј* и *Канбера*, по што веднаш ќе следи државна посета на *Самоа* во јужниот дел на *Пацификот* каде што ќе присуствува на состанокот на шефови на влади на *Комонвелтот*. Како што дознава *„Дејли Мејл"*, кралот ќе се лекува се до денот кога е закажан неговиот лет, а потоа се ќе биде ставено во мирување. Циклусот на лекување ќе продолжи веднаш по враќањето во *Обединетото Кралство*. Не е познато каква форма на рак на **Чарлс** му бил дијагностициран. Единствено се знае дека му била дијагностицирана по операцијата на простата и дека од дијагнозата секоја недела ја прима потребната терапија. Неговото 11-дневно патување, во кое има бројни активности и илјадници километри, кажува дека лекувањето било успешно, бидејќи во спротивно не би можел да замине на толку долг пат.

# Авион на Квантас принудно слета поради чудна миризба во кабината

Австралиска стјуардеса на *Qantas* била итно пренесена во болница откако *„необичен мирис"* довел до неочекувано пренасочување на летот минатава среда. Боинг 737 бил во воздух повеќе од два часа пред да слета на пистата на аеродромот во *Сиднеј* нешто по 21 часот. Компанијата *„Квантас"* соопшти дека чудниот мирис во авионот предизвикал пренасочување на летот.



*„Летот од Сиднеј до Велингтон се врати во Сиднеј откако беа примени известаи за необичен мирис во кабината"*, рече портпаролот.

*„Авионот безбедно слета и е прегледан од инженери пред да се врати во употреба"*. Портпаролот додаде дека стјуардесата била пренесена во болница на лекарски преглед, но не ги откри нејзините симптоми или здравствената состојба. Патниците и пилотите не биле загрозени. Наводно, немало чад во кабината и пренасочувањето не било третирано како итно слетување.




# Нов Зеланд за прв пат од Втората светска војна загуби воен брод



Воената морнарица на *Нов Зеланд* го загуби својот прв брод на море по Втората светска војна, откако еден од нејзините бродови се насука во близина на брегот на *Самоа*, а министерката за одбрана **Џудит Колинс** го опиша инцидентот како *„тажен ден за морнарицата"*.

Специјализираниот брод за нуркање и снимање на океанот *„Манавануи"* наиде на проблеми додека истражуваше гребен во близина на островот *Уполу* и подоцна се запали пред да се преврти.

Сите 75 лица од бродот се безбедно евакуирани во чамци за спасување и спасени, соопшти Министерството за одбрана на *Нов Зеланд.*

Официјални лица рекоа дека причината за потонувањето е непозната и дека истрагата е во тек. Инцидентот се случил за време на бурно и ветровито време.

Воени претставници рекоа дека спасувачите „се бореа" со струите и ветровите што ги туркаа сплавовите за спасување и морските чамци кон гребените, а брановите ги правеа напорите за спасување „предизвикувачки".

**Дејв Пул**, беше сведок на пожарот на бродот, изјави за *Ројтерс*: *„Кога влеговме во заливот го видовме бродот и немаше чад. За 15 минути, оган и чад беа видливи. Набрзо потона".*

*„Манавануи"* е првиот од поморските бродови на *Нов Зеланд* кој ненамерно е потопен откако земјата учествуваше во поморските битки за време на Втората светска војна.

Воени претставници рекоа дека нивните напори сега се свртени кон обидот да го спасат бродот и да го минимизираат влијанието од потонувањето врз животната средина.

INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

- ✓ TAC
- ✓ WorkCover
- ✓ Slips & Falls
- ✓ Superannuation TPD
- ✓ All Injury Claims
- ✓ Free First Appointment
- ✓ Speak Macedonian
- ✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

- ✓ Сообраќајни повреди
- ✓ Повреди на работа
- ✓ Суперануација и траен инвалидитет
- ✓ Сите видови на повреди
- ✓ Првата средба е бесплатна
- ✓ Зборуваме Македонски
- ✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES

183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000 LAWYERS

# Во образованието вишок се 3.000 наставници, но за сите ќе има работа и повисоки плати

Над милион учебници беа дистрибуирани на почетокот на оваа учебна година за сите ученици и училишта, а учебници по странски јазик ќе има за идната учебна година, вети Јаневска. До крајот на годината се очекува и покачување на платите на наставниците, но неизвесно е дали тоа ќе биде за бараните 12% или пак за помалку.

Според Јаневска државниот буџет сега е доволно пополнет за да се влезе во преговори за покачување на платите на околу 23.000 наставници.

Иако во образовниот систем сега има вишок од 3.000 наставници, поради иселувањето за седум години има 17.000 ученици помалку. Но никој нема да биде отпуштен туку со реорганизација и со воведување на едносменска и целодневна настава до петто одделение во сите училишта низ државата за нив ќе има поголем ангажман од што пак децата ќе имаат корист во стекнување на нови знаења и вештини.

– Имаме места каде што имаме паралелки од по 4-5 ученици и тоа значи дека тие деца не се социјализираат, нема со кого да се натпреваруваат, тие деца се во затворен круг без да примаат современи, модерни информации обично лоцирани во една рурална средина и во едно издвоено училиште. Потребна е оптимизација. Факт е дека иселувањето е прегolemo во Македонија. Сметам дека овие 3.000 наставници може да ги искористиме, не да ги отпуштиме и уште подобро да ни биде образованието, туку да ги искористиме со дополнителен ангажман, ем да не останат без работа, ем квалитетот на образование да се подобри – рече Јаневска.

## Ваучери од 250 евра за електронски уреди и субвенции до 30 илјади евра за бизнис проекти на младите

Премиерот Христијан Мицкоски објави нови проекти кои се можни благодарение на пополнувањето на буџетот. Ќе се доделуваат ваучери во вредност од 250 евра за електронски уреди за сите студенти во Македонија а резервирани се и 10 милиони евра за поддршка на бизнис проекти на младите до 29 години. Ќе се доделува грант од илјада до максимум 30 илјади евра по проект.


Reg. No. A0042461G

AHAM BRIDGE OF HUMANITY

ABN 93 019 262 123

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА

Места каде се издаваат и примаат кутиите

**ВИКТОРИЈА**

Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256

Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117

**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841

**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440

**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635

**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027

**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568

**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613

**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:** Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256

**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:** Целе Белјановски 9337 3931

**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:** Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038

**МЕЛТОН:** Драги 0419 325 848

**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:** Валентина 0451 820 045

**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559

**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251

**СЕНТ АЛБАНС:** Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563

**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**

**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989

**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595

**БЕНКСТАУН – ЈАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727

**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287

**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493

**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965

**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**

**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**

**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**

**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса


## ПРАТЕНИЧКАТА МАРИЈА МИТЕВА ОД СОБРАНИЕ СЕ СЕЛИ ВО ВЛАДАТА КАКО ПОРТПАРОЛ



Македонската Влада конечно наименува портпароли, кои би требало да ја преземат работата што цели 3 ипол месеци ја правеше Центарот за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ. Портпароли ќе бидат пратеничката на ВМРО-ДПМНЕ Марија Митева и Венера Љатифи Азизи, поранешна новинарка и досегашна вработена во кабинетот на градоначалникот на Чаир.

Досегашниот портпаролот на партијата, Наум Стоилковски, е именуван за советник за комуникации и односи со јавноста, соопштија од владата.

# 380 битолчани со месеци чекаат решение за пензија, во битолски ПИОМ има само 7 вработени

Речеси 400 лица од Битолско кои стекнале право на пензија неколку месеци чекаат решение, иако законскиот рок е 30 дена. Сега се и без пари и без здравствено осигурување. Во филијалата во Битола имаше 25 вработени, но сега се останати само 7 и не можат да престигнат да ги завршат сите обврски.

- На 18 август поднесов документи за остварување право на пензија. Немаат вработени и не можат да ги обработат документите. Од Битола пуштени се во Прилеп, од Прилеп вратени се назад. Немаме право на здравствено осигурување и немаме финансии, вели битолчанецот Тони Аврамовски за „Телма".

Директорот на Фондот за пензиско и инвалидско осигурување Никола Мемов беше во битолската филијала и рече дека се преземаат мерки за надминување на проблемот.

- Под итно да се пратат барања за согласност во Министерство за финансии и да се ангажираат овде во Битола минимум 5 извршители. Сега направивме распоред и договор на луѓето кои можат најефикасно да ги решат овие предмети. Има 380 предмети, дел ќе се решаваат тука, а дел ќе бидат прераспределени во другите филијали на дравата, изјави Мемов и додаде дека трајно решение за недостигот на вработени во Битола но и другите филијали низ држават ќе се бара следната годините.



### БОКИ 13 НАЈАВУВА ФИЛМ „РЕКЕТ":

## Верувајте дека ќе занеме целиот свет!



Бојан Јовановски- Боки 13, најавува филм под наслов Рекет, како случајот поради кој заврши зад решетки.

- Почитувани, со оваа фотографија го најавувам документарно-играниот филм "РЕКЕТ".

Верувајте дека ќе занеме целиот свет!

Наскоро доаѓа вистинската приказната за најголемата општествено-правна афера "Рекет".

Одбројуваме..., пишува Боки 13.




# БГНЕС: Сите членови на најблиското семејство на Божиновска се бугарски државјани



Сите членови на потесното семејство на македонската министерка за енергетика и рударство, Сања Божиновска, се носители на бугарски пасоши, објави бугарски БГНЕС, повикувајќи се на извори во Министерството за правда во Софија. Не е само Сања Божиновска (минисерка за енергетика и руди на Македонија) бугарски државјанин. Тоа се и нејзиниот татко Перо, мајката Виолета и братот Даниел. Тие поминале низ стандардната процедура, односно ги докажале своите бугарски корени и ја декларирале својата бугарска самосвест - тврди бугарската новинска агенција (БГНЕС).

Божиновска неколкупати тврдеше дека порано имала бугарско државјанство, но и дека од него се откажала, а сето тоа се случувало „одамна". По ова, БГНЕС минатата недела објави дека Божиновска наводно се уште си е бугарска државјанка зашто барањето за отпуст од државјанството го поднела минатиот месец!? Според достапните податоци таа станала државјанин на Бугарија во 2011, а пасош зела во 2013 (истекол кон крајот на ланската година).

„За конкретното лице (Божиновска) до денес не е издаден указ за ослободување од државјанство. Издавањето на таков се врши по темелна проверка за секаков вид на обврски на барателот. Потврдата, вклучително и данокот и имотот, се однесува на сите земји каде што престојувало лицето. Надлежните институции проверуваат и за можни кривични постапки", рекле изворите на БГНЕС во Министерството за правда на Бугарија.

Божиновска, одговарајќи на новинарско прашање за тоа дали се откажала и од својата бугарска самосвест (која ја декларирала при барањето да стекне бугарски пасош) минатата недела рече дека „ќе се консултира со својот адвокат" па ќе одговори.

Жељко Стојаковиќ
Barristers & Solicitors

РАЗУМНИ ЦЕНИ ЗА НАШИТЕ УСЛУГИ
- Challenging Wills
- Family Law
- Criminal Law
- Wills & Probate
- All Courts & Tribunals
- Оспоруваме тестамент
- Семејно право
- Кривично право
- Тестаменти и Оставнина
- Сите судови и трибунали

Suite 5, Floor 1, 332A Main Rd East, St Albans
Tel: (03) 9310 9971

## БРИСЕЛ СО МОЛЧЕЊЕ ГО ИГНОРИРА ПРЕДЛОГОТ УСТАВНИ ИЗМЕНИ СО ОДЛОЖЕНО ДЕЈСТВО

Министерот за европски прашања и главен преговарач со ЕУ, Орхан Муртезани, вели дека Брисел не гледа со голем оптимизам за предлогот на Владата за уставни измени со одложено дејство, но дека не го отфрлува целосно. На новинарско прашање за најавите на премиерот Христијан Мицкоски дека ќе се праќа писмо со идеи во ЕУ за решавање на ова прашање, Муртезани рече дека овие најави на премиерот се всушност изнаоѓање нови решенија кои што се се уште во фаза на интерни разговори во Владата.

Министерот вели дека досега нема финален предлог, меѓутоа и да има таков, нема да се брзаат да го објават пред да бидат завршени изборите во соседна Бугарија. Прашан дали некоја идеја може да биде без уставни измени, Муртезани вели дека тие не се од Бугарија, туку од 27 земји-членки на ЕУ и тоа јасно е наведено и во заклучоците на Советот на ЕУ.

За разлика од него премиерот Мицкоски тврди дека се работи за диктат од Софија и таков нема да прифати никогаш. Предлага внесување на Бугарите да биде по урнек на Преспанскиот договор - да важи кога Бугарија ќе го ратификува членството на Македонија во ЕУ (како гаранција дека нема да има нови условувања во тој правец).

# Годишно фрламе храна вредна $2.500

Во Извештајот на *ОН* за индексот на отпадот од храна, објавен во 2023 година, се наведува интересен факт - доколку таквиот отпад случајно би бил држава, би се сметал за трет најголем извор на емисии на гасови, веднаш зад *САД* и *Кина*!




Австралија дава голем придонес во емисиите на гасови бидејќи годишно произведува 7,6 милиони тони прехрамбрен отпад. Тоа се точно 312 килограми по човек, според документот што го објави локалната организација *„Иновација на храната"*. Приближно 70 отсто од фрлената храна може да се јаде, во време кога секој шестти возрасен Австралиец се бори да има доволно за јадење.

*„Австралискиот прехрамбрен отпад би го наполнил стадионот MCG десет пати годишно или би бил една низа приколки кои се протегаат од Перт до Сиднеј"* - рече **Стивен Лапиц**, извршен директор на *Истражувачкиот центар за борба против отпад од храна*, основан од федерацијата.

Според него, *Австралија* троши милијарди долари за изградба на подобри патишта, а ни приближно толку во обидот да се намали фрлањето храна и негативните последици кои од тоа произлегуваат.

Важно е да се истакне дека отпадот од храна сочинува три проценти од емисиите на гасови во *Австралија*, што е еднакво на просечниот автомобил што патува низ светот - два милиони пати.

Освен тоа, тоа е и голем трошок. Во просек, едно австралиско домаќинство троши до $2.500 годишно на храна што ќе ја фрли, а националниот отпад од храна изнесува околу $36,6 милијарди годишно. *Австралија* таквиот отпад го класифицира како храна/пијалок наменети за човечка исхрана која не се употребува од потрошувачите и се фрла.

*„Продуктите со која се храни стоката не се отпад, како ни храната која ја спасуваат хуманитарни организации, доколку на крајот се изеде"*. Компостот се смета за отпад, иако и понатаму е дел од хиерархијата на депониите, бидејќи емисиите во голема мера се намалуваат со аеробно распаѓање на органската материја. Анализата е комплицирана, но несомнено е дека најштетното дејство од сите е фрлањето храна во канта. Во нацртот на *ОН* составен од 17 цели за светска реорганизација, една од ставките се однесува и на обезбедување одржлив модел за потрошувачка и производство, со цел до 2030 година да се преполови глобалниот отпад од храна.

*Австралија* се обврза да работи на овој проект под покровителство на Националната стратегија за отпад од храна, мрежа на иницијативи кои даваат приоритет на индустријата.

Околу 60 отсто од глобалниот отпад од храна, на ниво на потрошувачи, доаѓа од домаќинствата, во споредба со 26 отсто од угостителството и 13 отсто од малопродажбата. Според **Стивен Лапиц**, без разлика дали мотивацијата е грижата за животната средина, или заштедата на споменатите $2.500 секоја година, доволно е само да се купува вистински потребната количина храна, таа правилно да се складира и сета да се изеде.

*„Ако не можете се да изедете, со неа нахранете ги милениците или направете компост"* - препорача тој.



# Пензионер загинал берејќи костени, сопругата уапсена кога се обидела да ја напушти државата



67-годишен човек од дебарското село *Скудриње* загинал откако паднал од дрво додека собирал костени, а неговата сопруга од *Албанија* потоа била уапсена кога се обидела да ја напушти државата, соопшти *МВР*.

*„На 6 октомври во 14:00 часот во СВР Тетово, од болницата во Дебар било пријавено дека кај нив бил донесен починат* ***Ј.А.****(67) од с.Скудриње, општина Маврово-Ростуше. Според пријавеното, тој паднал од дрво и починал додека со неговата невенчана сопруга* ***Џ.Б.****(53) од Република Албанија собирале костени. Откако бил однесен во болницата,* ***Џ.Б.*** *ја напуштила болницата и во 17:10 часот била лишена од слобода на граничниот премин Ќафасан/Џепиште во обид да ја напушти државата"*, информираа од *МВР*. Од полицијата велат дека жената *„била задржана во Полициската станица Гостивар за понатамошна постапка"*, без да посочат дали таа се доведува во врска со смртта на нејзиниот сопруг, односно дали постојат сомневања околу нејзината верзија за начинот на кој се случила несреќата.

# Косовски државјанин уапсенен за спречување на полициска акција

Основното јавно обвинителство *Скопје* повело постапка против 26-годишен државјанин на *Република Косово* за кого постои сомнение дека сторил кривично дело спречување службено лице во вршење службено дејствие од член 382 став 1 од Кривичниот законик.

*– На 3 октомври, на регионалниот пат од Скопје - ГП Блаце полициски службеници со службено возило се обидувале да запрат товарно комбе „мерцедес спринтер". Косовскиот државјанин, со автомобил „волво" со косовски таблички со голема брзина им го пресекол патот. Движејќи се меѓу полицискиот автомобил и товарното возило правел движења и маневри со кои ги спречувал полицајците во вршење на службеното дејствие и така му овозможил на товарното возило да побегне* – соопштија од Јавното обвинителство.

Јавниот обвинител до судијата на претходна достапувил предлог за определување мерка притвор за осомничениот косовски државјанин.

## "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протерej ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church "Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary'' Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# Половина милион Австралијци живеат со деменција



*Појавата на симптомите може да биде ненадејна и тие брзо да се влошат. Исто така, постојат ситуации во кои симптомите може да се појават по неколку месеци или дури години*

Според податоците на најновиот извештај, се проценува дека во моментов 411.000 Австралијци живеат со деменција, а се очекува оваа бројка двојно да се зголеми во следните три децении.

*Австралискиот институт за здравје и благосостојба (AHIW)* во петокот го објави најновиот извештај за деменција во *Австралија*, во кој се вели дека стапките на деменција се зголемиле и бројот на издадени лекови и хоспитализирани за оваа болест ќе продолжат да растат.

Во извештајот се наведува оваа болест е водечка причина за смртност (9.3%) во *Австралија* веднаш зад коронарните болести на срцето. Била водечка причина за смрт кај Австралијци постари од 65 години во 2022 година. Според извештајот, биле издадени 688.000 рецепти за лекување деменција за околу 72.400 Австралијци на возраст над 30 години во 2022/2023 година. Ова претставува зголемување од 46% во однос на 472.000 издадени рецепти во 2012/2013 година.

Портпаролката на *Австралискиот институт за здравје и благосостојба*, **Мелани Данфорд** изјавила, деменцијата претставува значителен здравствен проблем и проблем за нега на стари лица во *Австралија*. Деменцијата има големо влијание врз здравјето и квалитетот на животот на луѓето кои боледуваат од оваа болест, како и на нивните семејства и пријатели.

*Во моментов не постои лек за деменција, но постојат стратегии со кои се ублажуваат нејзините симптоми и кои можат да помогнат во одржувањето на независноста и квалитетот на животот*" - изјави таа. Според **Данфорд** иако веројатноста за развој на деменција се зголемува со возраста, таа не е неизбежен или нормален дел од процесот на стареење.

Како што старее популацијата на *Австралија*, ќе се соочиме со се поголем број луѓе кои живеат со деменција и на кои им се потребни здравствени услуги. Во текот на 2021/2022 година околу 242.000 луѓе постојано живееле во домови за стари лица, од кои 54% имале деменција. AIHW проценува дека речиси $3.7 милијарди кои се потрошени за здравје и нега на стари лица во 2020/2021 година, би можело директно да се поврзат со оваа дијагноза, односно за лекување и грижа за лицата со деменција.

**Дејвид Сикс**, директор на организацијата *„Dementia Australia*", изјави дека овој извештај ја зголемува загриженоста за овој проблем во *Австралија*. А ние се уште не се занимаваме со негово решавање, иако е тоа втора водечка причина за смртност во *Австралија*.

*„411.000 наши граѓани живеат со деменција, оваа бројка во следните 30 години двојно ќе се зголеми, а ние немаме национален план. Заговараме и ја поддржуваме работата на владата поврзана со развој на Национален акциски план за борба против деменцијата кој би дал визија и насока на политиката во финансирањето на поддршка за лицата кои живеат со деменција. Исто така, би им обезбедил систем и процеси кои им се потребни за луѓето навреме да бидат дијагностицирани и да ја добијат поддршката која им е потребна*".

Професорот **Леон Фликер** од Универзитетот на *Западна Австралија* рекол, *На-*

*ционалниот план во голема мера ќе ја подобри ситуацијата кога станува збор за дијагностицирање на деменција и обезбедување поддршка и услуги за луѓето кои живеат со неа.*

Професорот **Фликер** смета дека постојат научни сомнежи за тоа што треба да се направи за да ја спречиме деменцијата, а ризичните фактори за неа се исти како и за други болести, на пример за срцеви болести и рак. Според него би требало да се подобри системот така што оние кои се хоспитализирани со деменција да добијат подобра грижа. *„Мораме да се погрижиме да ги реорганизираме услугите, така што нашиот здравствен систем ќе обезбедува посоодветна грижа за луѓето со деменција*" - рече професорот. Тој вели, како што австралиското население продолжува да стaрее, така ќе се зголемува бројот на луѓе кои живеат со деменција бидејќи граѓаните на *Австралија* живеат подолго. По Втората светска војна, *Австралија* доживеала миграција и голем број раѓања и сега мораме да фатиме чекор со другите делови од светот, како што се Велика Британија и Европа, кои веќе некое време имаат постара популација.

*„Просечна возраст на лица со деменција во Австралија е 82 години, па староењето е најголемиот ризичен фактор за оваа болест*" - изјави тој. *„Бидејќи луѓето не умираат од други болести, ќе има се повеќе луѓе кои се постари, а со тоа и се во поголема опасност да добијат деменција. Не е добро да се има деменција, но многу луѓе достигнуваат ваква старост, а тоа сепак не е лоша работа*".

**Деменција** е сериозна загуба на способноста за осознавање на една претходно здрава личност, покрај она што може да се очекува од нормалното староење.

Со поимот деменција се опишуваат збир од знаци што се предизвикани од нарушувања што го засегаат мозокот. Деменцијата влијае на размислувањето, однесувањето и способноста да се извршуваат секојдневните работи. Функцијата на мозокот е засегната и влијае врз нормалниот општествен или работен живот на лицето. Обележје на деменцијата е неспособноста да се вршат секојдневните активности како последица на намалените спознајни способности.

Деменцијата може да се појави кај секого, ама опасноста се зголемува со возраста. Повеќето луѓе со деменција се постари, но важно е да запомните дека повеќето постари луѓе не добиваат деменција. Таа не е нормален составен дел од староењето, туку е причинета од болест на мозокот. Во ретки случаи деменција се јавува кај луѓе под 65-годишна возраст. Има неколку многу ретки форми на наследна деменција, при која се знае дека деменцијата е причинета од специфична промена на гените. Меѓутоа, во повеќето случаи на деменција не станува збор за такви гени, ама луѓето со семејна историја на заболување од деменција се изложени на поголема опасност. *Dementia Australia* нуди информации, поучување и советување. Јавете се на *Националната телефонска линија за помош при деменција* на **1800 100 500**, или посетете ја интернет страницата *dementia.org.au*

## Соопштение

Селското социјално друштво *Будимерци (Св. Никола)*, ги известува сите членови дека славата *"Петков ден"* ќе се одржи на 26 октомври во *Фераро рецепција* која се наоѓа на *14 Onslow Ave Campbellfield* со почеток во 18 часот.

За карти и информации јавете се кај: **Косте** на тел: **0431 360 291**, **Ило** на тел: **0423 774 147** или **Ристе** на тел: **0432 789 698**


ДИГИТАЛНО ИЗДАНИЕ НА TODAY - ДЕНЕС
БЕСПЛАТНО СЕКОЈ ПЕТОК




ВО ОВА ВРЕМЕ НА БРЗИ ПРОМЕНИ, БИДЕТЕ ИНФОРМИРАНИ СО ВЕСТИ И ИНФОРМАЦИИ ОД ЗАЕДНИЦАТА ШТО ВИ СЕ ПОТРЕБНИ.

Пријавувањето е лесно за да добивате дигитален пристап бесплатно... Посетете ја интернет страницата www.australianmacedonian.com.au и пополнете ги вашите детали со име презиме и email адреса на која ќе ви стигнува дигиталното издание

Автоматски можете да го гледате на компјутер, таблет и мобилен телефон, каде било, во кое било време и на кој било уред. Австралиско Македонски Денес се објавува секој петок, одржувајќи традиција на независно новинарство, откако е основан во 1991 година. Со висок стандард на содржина и презентација привлекува широк спектар на читатели од сите возрасти

# Марк Цукерберг сега е втор најбогат човек во светот

*Извршниот директор на Мета, Марк Цукерберг го надмина Џеф Безос како втор најбогат човек во светот.*



Според индексот на милијардери на *Bloomberg*, богатството на **Цукерберг** достигна 206,2 милијарди долари во четвртокот, надминувајќи го нето богатството на поранешниот извршен директор и претседателот на *Амазон* од 205,1 милијарди долари. Коосновачот на *„Facebook"* сега заостанува зад шефот на *„Tesla"*, **Илон Маск** за околу 50 милијарди долари, покажува индексот.

Благодарение на неговиот удел од 13 отсто во *Meta*, богатството на **Цукерберг** порасна за 78 милијарди долари од почетокот на годината, повеќе од кој било член на листата на 500 најбогати луѓе што ги следи индексот. Акциите на *Meta* се затворија на рекордно високо ниво од 582,77 долари во четвртокот, што е за околу 68 отсто повеќе од почетокот на јануари, кога нејзините акции се тргуваа по 346,29 долари.

Подемот на **Цукерберг** на второто место на индексот нагласува како неговото лично богатство порасна заедно со ентузијазмот на инвеститорите за зголемениот профит на социјалната мрежа *Meta* оваа година.

Додека *Мета* продолжува да троши милијарди долари на виртуелна и проширена реалност потребни за поддршка на футуристичкиот концепт на метаверс, инвеститорите станаа потолерантни кон овие инвестиции сè додека основната рекламна дејност на компанијата е здрава.




# Џон Мекфол се надева дека ќе биде првиот астронаут со инвалидитет

Кога **Џон Мекфол** видел оглас за работа на астронаут и веднаш се пријавил. Три години подоцна, **Мекфол** е на пат да стане првиот астронаут со инвалидитет по повеќе од 60 години истражување на вселената.




Откако ја загубил десната нога во несреќа со мотор кога имал 19 години, станал параолимписки спринтер и освоил бронзен медал во *Пекинг*. Подоцна станал и хирург.

Тој поминал низ шест фази од напорниот процес на селекција во *АВРМ* - од повеќечасовни психомоторни тестови до интервјуа со комисии. Во 2022 година, *ЕСА* објави дека ќе им се придружи во поместувањето на границите на истражувањето на вселената со учество во повеќегодишна истрага за тоа дали лице со физичка попреченост може да живее и работи во вселената. Нема гаранција дека 43-годишниот **Мекфол** ќе замине во вселената. *ЕСА* систематски проверува дали ги исполнува условите за шестмесечна мисија на *Меѓународната вселенска станица (ISS)*.

Бидејќи вселенските операции се наменети за физички способни луѓе, тестовите испитуваат како **Мекфол** би се движи и одржувал стабилност во услови на микрогравитација и како условите во вселената би влијаеле на неговата протеза.

Досега, сите знаци укажуваат дека патувањето во вселената е изводливо за **Мекфол**, што дава надеж дека тој - или некој со слична попреченост - би можел да биде обучен за идна мисија. Иако наодите на *ESA* се специфични за Мекфол, дел од проектот е да им овозможи на другите луѓе - со слични или различни попречености - да го следат неговиот пат.

Со предизвикување на перцепцијата на луѓето за тоа како изгледа астронаутот, **Мекфол** се надева дека малку ќе ги подобри работите: *„Ова е можност да се создадат повеќе можности за лицата со попреченост во различни професионални области*".

*„Мојата работа е да се осигурам дека луѓето имаат сеопфатна и информирана дефиниција за попреченост. Ова не е за инвалидитет од 1950-тите, 1920-тите*", додаде тој.

# Аргентина сака да го врати суверенитетот над Фолкландските Острови кои се дел од Велика Британија

Аргентинската министерка за надворешни работи, **Дијана Мондино**, порача дека *Аргентина* има намера да го врати целосниот суверенитет над *Фолкландските Острови*.




Следејќи го патот што го почнавме, преку конкретни акции, а не празна реторика, ќе го вратиме целосниот суверенитет над нашите *Малвини (Фолкландските Острови)*", порача **Мондино**.

*Велика Британија* и *Аргентина* беа во војна за *Фолкландските Острови* во 1982 година, кога Британците победија. Во 2013 година, жителите на островите гласаа на референдум за зачувување на статусот на британска прекуморска територија.

Прашањето за сопственоста на островите повторно почна да се разговара откако на власт во *Аргентина* дојде претседателот **Хавиер Мајли**, кој изјави дека ќе ја разгледа опцијата за нивно враќање по дипломатски пат.

# ДИЕТА НА СИНДИ КРАФОРД: ЗА ЖЕНИ НАД 40 ГОДИНИ КОИ САКААТ БРЗО ДА ИЗГУБАТ ВИШОК КИЛОГРАМИ БЕЗ ДА ГЛАДУВААТ



Синди Крафорд, еден од најпознатите супермодели на сите времиња, и на 58-годишна возраст се уште импресионира со својот изглед. Нејзината мини-диета, дизајнирана за брзо слабеење, е идеална за жени над 40 години кои сакаат да се ослободат од вишокот килограми без да чувствуваат глад.

Мини-диетата на Синди Крафорд дава ефикасно решение за брзо слабеење, особено за жени над 40 години. Доколку барате начин да се ослободите од вишокот килограми, можеби ќе ве заинтригира диетата која оваа позната манекенка ја користи кога сака да симне неколку килограми. Оваа диета вклучува 5-6 мали оброци на ден, што помага да се одржи метаболизмот активен и го спречува забавувањето што може да доведе до таложење маснотии. Планот на исхрана се заснова на баланс од 30 проценти протеини, 40 проценти јаглени хидрати и 30 проценти масти.

**План за исхрана**

Појадок: пржени јајца, 30 гр тврдо сирење и 'ржан леб

Прва ужина: зелено јаболко, грозје или овошна салата (150 гр.)

Ручек: риба или пилешко месо (150 гр.) со зеленчук и малку 'ржан леб

Втора ужина: портокал или 30 гр сирење

Вечера: варено говедско месо (150 гр.), салата од зеленчук (100 гр.) со лажица маслиново масло, варен грав

Пред спиење: чаша јогурт со малку масноти или кефир

**Супа како основен дел од исхраната**

Клучниот елемент на оваа диета е нискокалорична супа од зелка, која мора да се консумира пет пати на ден. Се подготвува на база на вода, со додавање на зелка, моркови, домати, пиперки, целер, боранија, млад кромид и магдонос.

Магдоносот не само што го помага варењето, туку делува и како диуретик. Важно е да се напомене дека супата не смее да содржи компири или зеленчук богат со јаглехидрати. Заедно со супата, можете да додадете свежо овошје, зеленчук, млеко (до 250 ml еднаш неделно), јогурт (до 150 ml еднаш неделно), кафеав ориз, пилешко или мисирка (до 150 g) и риба на пареа (до 200 g).

**Вториот дел од неделениот план на Синди Крафорд**

Понеделник: супа, свеж зеленчук (неограничено) и диетален јогурт

Вторник: супа, свежо овошје (неограничено) и јогурт со малку маснотии

Среда: супа, свеж зеленчук и овошје (неограничено)

Четврток: супа и варено пилешко

Петок: супа, варено говедско или телешко

Сабота: супа, свеж зеленчук (неограничено) и јогурт со малку маснотии

Недела: супа, свеж зеленчук и овошје (неограничено)

# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК



www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

•Австралиско• Македонски• Неделник•

Edition No. 1835 Year 37 • Tuesday, 8 October 2024 • Price $4.00 inc GST


Патувајте во Македонија и секаде во светот

A AVIO TRAVEL

326 High St Preston

03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile
0401 686 970


ПОЛОВИНА МИЛИОН АВСТРАЛИЈЦИ ЖИВЕАТ СО ДЕМЕНЦИЈА

ПРОМОЦИЈА НА КНИГА ОД КИРЕ ЦИРЕВСКИ

„ЛЕТОПИС НА ДУХОВНАТА ПЧЕЛА“

БОРБА ПРОТИВ МОНОПОЛОТ НА КВАНТАС:

КАТАР ЕРВЕЈС КУПУВА 25% ОД ВИРЏИН АВСТРАЛИЈА

ОРБАН НУДИ ДА ОРГАНИЗИРА

МАКЕДОНСКО-БУГАРСКА СРЕДБА ВО БУДИМПЕШТА, СОФИЈА НЕЈЌЕ

ПАНДОВ: ТРЕБА ДА СЕ НАМАЛИ ЗАТВОРСКАТА ПОПУЛАЦИЈА, ЕДЕН ОСУДЕНИК ДРЖАВАТА ЈА ЧИНИ НАД A$16.500 ГОДИШНО

БОЖИНОВСКА „ЌЕ СЕ КОНСУЛТИРА СО АДВОКАТИТЕ“ ДАЛИ СÈ УШТЕ ИМА БУГАРСКА САМОСВЕСТ!?


БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при рагање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперанувација / неспособност за работа

За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

Tony Siskovski
Director

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000

www.arnoldthomasbecker.com.au


# АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ



# ФК Вардар доби нов сопственик - турски државјанин од Унгарија

Фудбалскиот клуб Вардар има нов сопственик од Унгарија. Информацијата е објавена на клупскиот „Х“ канал на кој редовно се споделуваат информации околу „црвено-црните“.

Во клупската објава е наведено дека преземени се 85% од акциите на фудбалскиот клуб АД ФК Вардар-Скопје, со тоа и управувачкиот пакет на друштвото. Како нов сопственик стои името на Атила Бижен Жалили, турски државјанин кој живее во Унгарија.

Новиот сопственик на Вардар е генерален директор на „СолСервисис Лтд.“, унгарска компанија која се занимава со имплементација на производство на енергија од обновливи извори. Тие се пионери во развојот на соларни паркови во Унгарија и се лидери на пазарот во оваа дејност.

Атила Бижен Жалили преку десет години е во бизнисот со енерија, од 2013 година е во компанијата „СолСервисис Лтд.“, до 2017 бил инвестиционен координатор, а од 2020 па до денес е генерален менаџер на компанијата.

Вардар во новата сезона води битка за опстанок во Првата лига. Се очекуваат повеќе детали околу плановите на новиот сопственик на клубот во периодот кој следи.

**БУРНО Е ВО ФФМ:**

# Поднесе оставка еден од најважните луѓе во Федерацијата!




Спортскиот директор на Фудбалската федерација на Македонија, Дени Масев, објави дека се повлекува од функцијата.

Во јавното образложение вели дека неговото заминување е поради несогласувања со водечките луѓе и, како што вели, ФФМ во овој момент е приватизирана од страна на претседателот Муамед Сејдини и неговиот заменик Ракиџиев.

„Федерацијата се сведува на сè, но најмалку на интересот за некаков развој на македонскиот фудбал. Тврдам дека веќе подолг период ФФМ е буквално приватизирана. Интересот е присутен само за првите двајца луѓе, претседателот Сејдини и неговиот заменик Ракиџиев. Во Управниот одбор има чесни луѓе, но, за жал, не се запознаени со работите кои носат интерес само за Сејдини и Ракиџиев... Во периодот кој следува еднаш засекогаш треба да се расчисти со милионските суми кои се трошат на сè само не за доброто на фудбалот. Од фамозните трансакции до хотелот ‘Куќа на уметноста’, па сè до т.н. инфраструктурни „проекти“ во Велес и Македонија и до вработувањата во Федерацијата“, стои во неговата реакција.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија

Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205
Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти.
Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти.
За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.
Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.
Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days
403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

### ДИМИТРИЕВСКИ:

# Десет години сум прв голман – сега ми е тешко да „дремам“ на клупа!



Најдобриот македонски голман во последната деценија, Столе Димитриевски, го замени дресот на Рајо Ваљекано со тој на Валенсија, каде што се уште нема добиено шанса да застане на гол-линијата.

Планот да биде замена за Мармадашвили пропадна, бидејќи Грузиецот и покрај тоа што потпиша за Ливерпул, сепак остана уште една сезона на „Месталја“. Димитриевски во интервју за „Марка“ проговори за тешката ситуација како резервен голман во која не бил долг период.

- Десет години сум прв голман и поради тоа ситуацијата во Валенсија за мене е тешко да ја прифатам. Се случуваат чудни работи во фудбалот, ми се случиле и во минатото. Мамардашвили остана, но јас дојдов каде што сакав да дојдам и работам напорно чекајќи ја мојата шанса. Се надевам дека тренерот ќе може да ми даде прилика и дека ќе стигнеме до победи за да ја избегнеме опасната зона, вели Димитриевски.

Тој во последните сезони на голот на Рајо бранеше одлично, а бројките покажуваа и дека е еден од најдобрите во шпанската Ла Лига.



# Работнички со 4.5 милиони ќе се спасува од финансиската криза

Кошаркарскиот клуб Работнички доби финансиска инјекција од Општина Центар, за да се смири финансиската криза која во изминатиот период го тресе клубот.

По иницијатива на советникот Ненад Матевски, точката се најде на дневен ред и финансиската помош за тимот од Градски парк помина кај советниците. Причината за финансиската криза во Работнички е што ваучерите за новата сезона се уште доцнат и се очекува овие 4,5 милиони денари (околу A$119,000) да бидат од помош.

Најтрофејниот македонски кошаркарски колектив се натпреварува во АБА-2 лигата, а последниот меч против Војводина беше пораз од 93:62.



# Леброн и Брони Џејмс станаа првите татко и син кои заедно играле за ист НБА-тим



Леброн Џејмс и Брони Џејмс испишаа историја на НБА откако станаа првите татко и син кои заедно играле за ист тим, настапувајќи за Лос Анџелес Лејкерс на претсезонскиот меч со Феникс Санс. На денот кога полнеше 20 години, Брони првпат влезе во игра во втората четвртина од мечот што Лејкерс го изгуби со 118:114.

„Вау, ова беше нереално", напиша Леброн Џејмс на Икс по натпреварот.

Зборувајќи со новинарите, тој рече:

- Кога заврши еден тајмаут, стоевме еден до друг и го погледнав. Тоа беше како да сум во „Матрикс". Не изгледаше реално. Да имаш влијание кон своите деца, влијание кон син ти и да можеш да поминуваш моменти со својот син, да работиш со него е едно од најдобрите чувства за кои може да се надева и да посакува еден татко. Дефинитивно момент кој нема да го заборавам. Како татко, ми значи се, рече Леброн.

- Секогаш размислувам за тоа „Па ова е татко ми", бидејќи навистина ми е татко. Но, кога играм тој ми е само соиграч. Така гледам на работите, додаде Брони.

Триесет и деветгодишниот Леброн, кој влегува во својата 22. НБА сезона, беше стрелец на 19 поени, додека Брони не постигна кош за 13 минути на теренот. Лејкерс го избра Брони во втората рунда на годинашниот драфт, по што Леброн го продолжи договорот за уште две години.

Новата НБА сезона почнува на 22 октомври, кога Лејкерс игра против Минесота.

# Манчестер Сити ја доби правната битка со Премиер лигата




Манчестер Сити доби судска битка против Премиер лигата во врска со правилата за комерцијални договори.

Независен панел ги прогласи правилата на Премиер лигата во однос на трговските трансакции меѓу клубовите и поврзаните страни, како што е договорот на „граѓаните" со „Етихад" - за незаконски.

Поради овие прописи Премиер лигата го отфрли новиот спонзорски договор што Манчестер Сити го потпиша со „Etihad Aviation Group" на крајот од 2023 година, како и друг договор со банка со седиште во Абу Даби.

Советот од тројца судии пресуди дека Премиер лигата згрешила со тоа што ги суспендирала деловните операции, бидејќи елементи од регулативата на АТР го кршат Законот за пазарно натпреварување.

„Фудбалскиот клуб Манчестер Сити им се заблагодарува на истакнатите членови на Арбитражниот трибунал за нивната работа и дискусии и го прифаќа нивното решение", истакнаа од клубот.

Англиските медиуми велат дека оваа пресуда ќе ѝ нанесе голем удар на Премиер лигата, бидејќи ќе го промени правецот на идното финансиско управување на лигата.

A AVIO TRAVEL Lic. No. 32481
335 High St. Preston
03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile:
0401 686 970



AVIO TRAVEL
ВИ ГО НУДИ СВЕТОТ НА ДЛАНКА
ПАТУВАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!
ЕВТИНО УДОБНО СИГУРНО ВЕ ОЧЕКУВАМЕ НЕ ЧЕКАЈТЕ, ЈАВЕТЕ СЕ УШТЕ ДЕНЕС ДА СИ ОБЕЗБЕДИТЕ МЕСТО ЗА УТРЕ!
За повеќе информации зборувајте на македонски со Милка Секуловска!
A LIC. NO. 32481
335 HIGH STREET, PRESTON, VIC. PH.: 03/9471 4559, 03/9471 4556 MOB: 0401 686 970

Australian Macedonian TODAY Австралиска Македонска ДЕНЕС
22
СПОРТ
ISSN 1442-195X

# ДОНЧЕВСКИ ИМ ПОСАКА СРЕЌА НА ФУДБАЛЕРИТЕ ПРЕД ДУЕЛОТ СО ЛЕТОНИЈА И ЕРМЕНИЈА





Македонската фудбалска тренерска легенда Андон Дончевски ги посети нашите најдобри фудбалери кои се подготвуваат за новите натпревари во Лигата на нации.

Дончевски, кој живее во Мелбурн, пред извесен период се врати во Македонија и не ја испушти можност да ги поздрави репрезентативците на Милевски и да им посака среќа и успех на натпреварите против Летонија и Ерменија од Лига на нации.

Македонија в четврток гостуваше кај Летонија, а три дена подоцна во Ереван ќе игра против добро познатиот противник – Ерменија.


